Leaders for Education, Activism and Development

# НАРАТИВЕН ИЗВЕШТАЈ

КАКВА ПРОМЕНА НАПРАВИВМЕ ВО 2025?

# НАШИТЕ ВРЕДНОСТИ

Веруваме во лична одговорност кај луѓето за:

Средината во која живееме

Работите за кои се нафаќаме

Состојбата во која се наоѓаме

# МОЖНОСТИ КОИ ГИ НУДИМЕ

## ЕДУЦИРАЈ СЕ!

Преку нашите програми стекнување на вештини за млади

01

## АКТИВИРАЈ СЕ!

Преку нашите активни повици за тренинзи, настани и ангажмани во земјата и надвор

02

## РАЗВИЈ СЕ!

Преку годишните програми за наставници и млади на **LEAD**

03

# ВОВЕД

Во 2025 година, ЛЕАД продолжи со силен програмски развој и значаен опфат на млади, ученици, наставници и училишта низ државата. Преку програмите и иницијативите што ги спроведувавме, работевме на јакнење на ученичкото учество и активизам, подобрување на образовните процеси и компетенции, како и поддршка на личниот и социјалниот развој на младите.

Јакнењето на ученичкото учество и активизам во образованието и оваа година беше еден од нашите главни фокуси. Преку воспоставувањето на UPSHIFT во средните училишта, најГЛАСни!, Service Learning и Ко-менаџирани средни училишта, овозможивме активно вклучување на младите во процеси на учење, иницирање промени и учество во донесување одлуки во училиштата и заедницата, опфаќајки:

**721**
вклучени ученици и млади

**121**
развиени ученички тимови и иницијативи

**80**
училишта опфатени преку активностите

Подобрувањето на образовните процеси и компетенции го реализиравме пред сè преку Клуб на наставници и програмата Едукација за циркуларна економија за наставници. Преку овие програми, обезбедивме простор за континуиран професионален развој, нови знаења и практични алатки за наставници од основни и средни училишта. Преку овие програми, во 2025 година беа опфатени вкупно:

**3600**
наставници

**20**
средни училишта

**400**
ученици

Личниот и социјалниот развој на младите го унапредувавме преку програми што поттикнуваат демократско учество, разбирање на локалната самоуправа и активно вклучување во општествените процеси. Преку Изборологија и LEAP, во текот на 2025 година беа:

**2310**
опфатени млади

**5**
опфатени средни училишта

**49**
развиени препораки за локални избори

# СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1:

## ВНАТРЕШНИ КАПАЦИТЕТИ И ФИНАНСИСКА ОДРЖЛИВОСТ

***Горди сме на следново:***

- Поставивме поцврста основа за долгорочен развој на организацијата преку јасно дефинирани приоритети и насоки за раст.
- Го зајакнавме стратешкиот пристап кон одржливост и партнерства, со поголем фокус на долгорочно планирање и позиционирање.
- Направивме важни чекори кон поорганизирано и поефикасно внатрешно функционирање на ЛЕАД.
- Ја унапредивме подготвеноста на организацијата за следната развојна фаза, со посилна основа за стабилност, видливост и финансиска одржливост.

## УНАПРЕДУВАЊЕ НА КОМУНИКАЦИСКОТО И ОРГАНИЗАЦИСКОТО ПОЗИЦИОНИРАЊЕ НА ЛЕАД

Во текот на 2025 година, ЛЕАД вложуваше во подобрување на својата комуникациска поставеност, видливост и јавно позиционирање. Преку развој на нови комуникациски пристапи, појасно претставување на резултатите и посистематска промоција на програмите, организацијата работеше на зајакнување на својот јавен профил и довербата кај различни целни групи.

## РАЗВОЈ НА ВНАТРЕШНИ СИСТЕМИ, АЛАТКИ И ПРОЦЕСИ ЗА ОРГАНИЗАЦИСКА ЕФИКАСНОСТ

Во текот на 2025 година, ЛЕАД продолжи да ги унапредува своите внатрешни системи за работа, координација и планирање, со цел зголемување на организациската ефикасност и квалитетот на спроведување на програмите. Овој процес придонесе кон подобра внатрешна организација, појасна распределба на процесите и посилна основа за идно растење.

## РАЗВОЈ НА СТРАТЕГИЈА ЗА ПРИСТАП ДО ДОНАТОРИ

Развивме стратегија за пристап до донатори, со цел да воспостави поструктуриран и постратешки пристап кон градење партнерства, комуникација на резултати и обезбедување финансиска одржливост. Стратегијата овозможува појасно позиционирање на организацијата пред донатори, институции и поддржувачи, преку пристап базиран на импакт и организациска вредност.

## РАЗВОЈ НА СТРАТЕШКИ ПЛАН 2026–2028

Подготвивме нов Стратешки план за 2026–2028 година, поставен како развоен план на организацијата за следниот период. Овој процес овозможи јасно дефинирање на приоритетите, насоките за раст и организацискиот развој, како и посилна основа за планирање на програмите, партнерствата и идната одржливост.

# СТРАТЕШКА ЦЕЛ 2:

## УЧЕНИЧКО УЧЕСТВО И АКТИВИЗАМ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО

***Горди сме на следново:***

- Создадовме повеќе можности учениците да бидат активни учесници, а не само набљудувачи во образовниот процес.
- Поддржавме модели и програми што го зајакнуваат ученичкиот глас, иницијативноста и учеството во донесување одлуки.
- Поттикнавме училишта и млади да препознаваат предизвици, да предлагаат решенија и да преземаат акција во својата заедница.
- Придонесовме кон развој на подемократска, поинклузивна и попартиципативна училишна култура.

# ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА UPSHIFT ВО СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА

Во текот на 2025 година, ЛЕАД во соработка со Бирото за развој на образованието (БРО) го пилотираше процесот на воспоставување на UPSHIFT како наставен предмет во средните училишта. Овој процес претставуваше значаен чекор кон институционализирање на програмата и нејзино интегрирање во формалниот образовен систем. Преку пилотирањето се тестираше пристапот, содржините и можностите за негова примена во училишен контекст, со цел да се обезбеди квалитетна и одржлива имплементација. Врз основа на овој процес, предвидено е предметот да започне со воспоставување во средните училишта од учебната 2026/27 година.

**Партнери:** УНИЦЕФ, БРО, Шведска амбасада

**28**
училишта вклучени во училишен UPSHIFT процес

**28**
наставници обучени за спроведување на UPSHIFT процес

**571**
ученик инволвиран во училишен UPSHIFT процес

**111**
ученчки тимови со развиени идеи за социјални иновации

# *најГЛАСни!*

најГЛАСни! е награда за средношколско учество која се доделува на ученичкиот совет кој имал најголемо влијание и учество во донесување на одлуките во рамки на една учебна година. Наградата се состои од 3-дневен тим билдинг за раководството на ученичкиот совет, како и менторирање на најдобрата ученичка заедница.

**Партнери:** Фондација Конрад Аденауер, Министерство за образование и наука

**6**
ученички заедници избрани за финалисти на натпреварот за средношколско учество

**1**
средно училиште ја доби наградата за средношколско учество за 2025 год.

**38**
ученички заедници се дел од базата на претседатели која ја формиравме

**47**
ученици опфатени преку регионални презентации за ученичко учество

# LEADING FORWARD: ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ

Во текот на 2025 година, во рамки на проектот „Leading Forward: Зајакнување на капацитетите за одржлив развој", ЛЕАД беше фокусиран на програмата Service Learning. Преку оваа програма, средношколците учат преку реално делување во својата заедница, препознавајќи конкретни општествени и еколошки предизвици и развивајќи мали иницијативи со видлива вредност за локалната средина. На овој начин, младите не само што стекнуваат практично искуство, туку и развиваат граѓанска одговорност, лидерство, тимска работа и претприемачки дух. Програмата се спроведува во соработка со училишта, наставници и локални заедници.

**Партнери:** Смарт Балканс- Норвешка амбасада

**50**
млади вклучени во иницијативите

**10**
иницијативи поддржани во 2025 година

**10**
наставника вклучени како ментори на иницијативите

**42**
училишта со поднесени апликации за учество

# *КО-МЕНАЏИРАНИ СРЕДНИ УЧИЛИШТА*

Во текот на 2025 година, ЛЕАД продолжи со спроведување на програмата „Ко-менаџирани средни училишта", насочена кон јакнење на ученичкото учество во донесувањето одлуки во училиштата. Преку оваа програма се поттикнува соработка меѓу учениците, наставниците и училишниот менаџмент, со цел развој на подемократска и поинклузивна училишна средина.

**Партнери:** Европска комисија со рамки на програмата Еразмус+

**10**
ко-менаџмент тела делуваа во рамки на своите училишта

**100**
ученици вклучени во работата на ко-менаџмент телата

**20**
членови на ко-менаџмент тела земаа учество на работна средба за рефлексија

**10**
развиени успешни приказни од работата на ко-менаџмент телата

# СТРАТЕШКА ЦЕЛ 3:

## ОБРАЗОВНИ ПРОЦЕСИ И КОМПЕТЕНЦИИ ВО ОСНОВНИ И СРЕДНИ УЧИЛИШТА

***Горди сме на следново:***

- Обезбедивме поддршка за наставници и училишта во унапредување на квалитетот на наставата и современите образовни пристапи.
- Создадовме можности за професионален развој, размена на искуства и јакнење на компетенциите кај наставниот кадар.
- Поттикнавме внесување на нови теми и практики во образовниот процес, поврзани со одржливост, иновации и практично учење.
- Придонесовме кон посовремено, поквалитетно и поангажирачко образование за учениците.

# КЛУБ НА НАСТАВНИЦИ

За да им обезбедиме на наставниците можности за континуиран личен и професионален развој, ја креиравме програмата „Клуб на наставници“. Преку програмата наставници од средни и основни училишта ги зајакнаа своите капацитети, преку професионални тематски обуки. Дополнително, за вклучените наставници беше креирана и дисеминирана база на едукативни материјали и дополнителни алатки за олеснување на наставата во училиштата.

**Партнери:** Смарт Балканс- Норвешка амбасада

| | | | |
|---|---|---|---|
| **188** наставници вклучени како членови | **2194** наставници присутни на 4 онлајн вебинари | **1098** наставници опфатени преку бесплатни обуки за наставници | **100** наставници, учесници на национална конференција |

# ЕДУКАЦИЈА ЗА ЦИРКУЛАРНА ЕКОНОМИЈА ЗА НАСТАВНИЦИ

Програмата беше насочена кон јакнење на знаењата и капацитетите на наставниците за интегрирање на теми поврзани со одржливост и циркуларна економија во образовниот процес. Преку програмата, наставниците добија поддршка за примена на нови пристапи и содржини што поттикнуваат практично учење, еколошка свесност и одговорно користење на ресурсите кај учениците.

**Партнери:** IPA Civil Society Facility Programme 2022-2023

| | | | |
|---|---|---|---|
| **20** наставника вклучени во тренинг за циркуларна економија | **1** креиран наставна програма за предавање на циркуларна економија во настава | **20** училишта вклучени како партнери на програмата | **400** ученици вкучени во настава за циркуларна економија |

# СТРАТЕШКА ЦЕЛ 4:

## ЛИЧЕН И СОЦИЈАЛЕН РАЗВОЈ НА МЛАДИТЕ

***Горди сме на следново:***

- Создадовме повеќе можности младите да учат, да се изразуваат и активно да се вклучуваат во општествените процеси.
- Ги поддржавме младите во развојот на знаења, вештини и самодоверба за поактивно учество во заедницата.
- Поттикнавме критичко размислување, демократска култура и чувство на одговорност кај младите.
- Придонесовме младите да се препознаат како носители на идеи, иницијативи и позитивни промени во општеството.

# ЛЕАП- Локален ангажман, активизам и учество

Во текот на 2025 година, ЛЕАД ја спроведуваше програмата „ЛЕАП- Локален ангажман, активизам и учество“, насочена кон поттикнување на младинскиот активизам и учество во локалната заедница. Преку програмата, младите ги зајакнуваа своите знаења, вештини и самодоверба за поактивно вклучување во процеси од јавен интерес и иницирање позитивни промени во својата средина.

**Партнери:** Смарт Балканс- Норвешка амбасада

| 188 | 50 | 1098 | 100 |
|---|---|---|---|
| наставници вклучени како членови | млади вклучени во Младинско собрание | наставници опфатени преку бесплатни обуки за наставници | наставници, учесници на национална конференција |

# ИЗБОРОЛОГИЈА

Во текот на 2025 година, ЛЕАД ја спроведуваше програмата „Изборологија“, насочена кон јакнење на знаењата и свесноста кај младите за изборните процеси и демократското учество. Преку програмата, младите добија можност подобро да го разберат значењето на изборите, улогата на институциите и важноста на активно и информирано граѓанско учество.

**Партнери:** Фондација Конрад Аденауер

| 171 | 5 | 49 | 1800 |
|---|---|---|---|
| млад човек вклучен во симулација за работата на локален совет | средни училишта вклучени во процес на едукација | препораки од млади до политичките партии учесници на локални избори | млади опфатени преку он-лајн игра за улогата на Градоначалникот |

lead.mkd
www.lead.org.mk
@lead.mk
info@lead.org.mk